ЈУС ЕТ ЈУВЕНТУС

# Меморандум за соработка

Склучен на ден _________2019 година во Охрид, помеѓу:

**Општина Охрид, претставувана од Градоначалникот Константин Георгиески**

**И**

**Здружение за правно образование и унапредување на правната наука и практика ИУС ЕТ ЈУВЕНТУС, претставувано од Претседателот на здружението Константин Битраков**

*Цел на меморандумот*

**Член 1**

Целта на Меморандумот за соработка е зајакнување на соработка помеѓу **Општина Охрид и Здружение за Правно образование и унапредување на правната наука и практика ИУС ЕТ ЈУВЕНТУС** и во насока на остварување на заедничките цели, заложби и дејности.

*Области на делување*

**Член 2**

Страните ќе соработуваат во областите и сферите на нивното делување, а особено во областите на:

- ширење на знаењето, разбирањето и свеста на граѓаните за актуелните правни реформи и правната пракса во локалнита самоуправа;
- промовирање на принципот за пристап до локалната самоуправа за сите, независно од социјалните, етничките, религиозните, родовите и политичките разлики;
- градење на капацитети на професионалност на вработените во локалната самоуправа со цел во својата работа да се насочат кон задоволувањето на потребите на граѓаните на начин кој ќе биде транспарентен и одговорен;



исполнување на стандардите на ЕУ и меѓународните стандарди во македонското општество и неговиот правен систем, градејќи почит кон владеењето на правото и уставната демократија.

*Начин на соработка*

**Член 3**

Соработката помеѓу Општина Охрид и Здружение за правно образование и унапредување на правната наука и практика ИУС ЕТ ЈУВЕНТУС ќе се остварува на база на координација помеѓу претставници на двете договорни страни.

Претставниците на договорните страни редовно ќе се состануваат во насока на планирања, координации, остварување на активностите и унапредување на соработката.
Договорните страни заедно ќе соработуваат во подготовка и имплементирање на проектни активности кои произлегуваат од заеднички проекти.

**Член 4**

Сите разлики кои може да настанат помеѓу потписниците на меморандумот за соработка, како и од евентуални анекси од истиот, ќе се решаваат во духот на пријателски преговори помеѓу страните.

*Важност на меморандумот*

**Член 5**

Меморандумот за соработка стапува во сила со потпишување од двете договорни страни.
Со оглед на природата на работата на страните потписнички, како и со оглед на потребата од континуирана и суштинска соработка помеѓу страните потписници на меморандумот за соработка, истиот не е временски ограничен.

**Член 6**

Секоја страна потписник може со писмено известување еднострано да го раскине меморандумот за соработка.



**Член 7**

Можните измени и дополнувања настанати по склучување на овој меморандум, договорните страни потписници ќе ги дополнуваат спогодбено, со анекси кон овој Меморандум.

**Член 8**

Меморандумот за соработка е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

Општина Охрид

Градоначалник
Константин Георгиески

_______________________

Здружение за правно образование и унапредување на правната наука и практи
ЕТ ЈУВЕНТУС

Претседател
Константин Битраков

_______________________